UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP

FACULTY OF LAW

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL



YEAR 2019, ISSUE NUMBER 8

**GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP**
**FACULTY OF LAW**

**ISSN 2545-4021**

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

**ISSUE 8** **VOLUME VIII**

**YEAR 2019**

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2019, Issue Number 8**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Associate professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Teaching assistant Natasha Doneva, LL.M

**Editor in chief**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# СОДРЖИНА

**ГАЗЕПОВА Вероника**
ОБЛИЦИ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ ........................................ **3**

**ГЛИГОРОВ Илија**
УЛОГАТА НА ИНСТИТУТОТ НА ЗАБЛУДА ВО МАКЕДОНСКОТО КРИВИЧНО ЗАКОНОДАВСТВО ........................................ **23**

**ЃУРЃАЈ Никола**
НАЦИЈАТА И НАЦИОНАЛИЗМОТ ВО АЛБАНИЈА ........................................ **33**

**ДЕМИРОВА Сибел**
МАКЕДОНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА ОД СОЗДАВАЊЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА од 1991 до 2016 година ........................................ **43**

**ТАЧЕВСКА Снежана**
УЛОГАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ ВО ПОСТАПКАТА СПРЕМА ДЕЦА ........................................ **59**

**ЦВЕТАНОВ Павле**
ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ФРАНШИЗИНГ ........................................ **69**

**ЏАБИРСКА Марија**
НОВИОТ ЈАВЕН МЕНАЏМЕНТ ВО ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ........................................ **79**

ТАЧЕВСКА Снежана

УДК: **364-78-053.2:343.137.5(497.7)**

# УЛОГАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ ВО ПОСТАПКАТА СПРЕМА ДЕЦА

Апстракт: Во рамките на современата структура на казненото право повеќе од јасна е потребата од постоењето на казненото право спрема децата како и оправданоста од постоењето на посебно казнено законодавство (материјално, процесно и извршно) со кое несомнено и недвосмислено ќе биде уредена положбата на детето во казнениот систем. Оправдувањето за ова произлегува од самата цел на кривичната постапка спрема децата, а тоа е превоспитување, социјализација и правилен развиток на детето, елиминирање на причините кои го навеле детето на деликвентно однесување, при што казнувањето за преземаното дејствие не е приоритет. Токму од овие причини кривичната постапка спрема децата се разликува од кривичната постапка спрема полнолетните лица, и содржи свои специфичности и вклучува учество на посебни органи со цел правилно спроведување на самата постапка. Како еден од органите без кои кривичната постапка за деца во никој случај не може да биде спроведена е Центарот за социјални работи (ЦСР) кои има големи обврски и и ингеренции кои треба да бидат исполнети при спроведувањето на постапката.

Клучни зборови: *дете, социјализација, кривична постапка, ЦСР.*

TACHEVSKA Snezhana

UDK: **364-78-053.2:343.137.5(497.7)**

# THE ROLE OF CSW IN CHILDREN’S PROCEDURE

Within the contemporary structure of the criminal law, the need for the existence of the criminal law against children is justified, as well as the justification of the existence of special criminal legislation (material, procedural, executive) that will undoubtedly and unequivocally regulate the position of the child in the penal system. The justification for this stems for the very purpose of the criminal procedure against children, which is the re-education, socialization, and proper development of the child, eliminating the reasons that led the child to the delinquent behavior, and the punishment for the action taken is not a priority. It is for these reasons that the criminal procedure against the adults, and it contains specificities and involves the participation of special bodies in order to properly implement the procedure itself. As one of the bodies without wich the criminal procedure od the children can not be implemented in any way is the Center for

Social Work (CSW), which has great responsibilities and competencies that need to be fulfilled during the implementation of the procedure.

Key words: *child, socialization, criminal procedure, CSW.*

## ВОВЕД

Центрите за социјална работа, во однос на делокругот на работа влегуваат во рамките на секторот за социјална заштита при Министерството за труд и социјална работа. Согласно законската регулатива, Центарот за социјална работи функционира како стручна установа со јавни овластувања заради вршење работи од социјалната заштита. Како јавни овластувања Центарот за социјални работи ги врши следниве работи: решава за правата од социјална заштита, решава за работите утврдени со семејно-правните прописи, постапува по работите утврдени со кривично-правите прописи, врши други работи утврдени со закон.

Додека при спроведувањето на социјалната заштита и стручната работа, центарот: открива, следи и проучува социјални појави и проблеми, применува и спроведува соодветни облици на социјална заштита и непосредно помага на граѓани, семејство или група население, ја развива превентивната работа, ја развива и спроведува вонинституционални облици на социјална заштита, поттикнува, организира, волонтерски на граѓани, нивни здруженија, хуманитарни организации, организации во спроведување на социјална заштита, како и други работи утврдени со закон.

Освен сето наведено погоре знаеме дека Центарот за социјална работа има значајна улога и сложени задачи во комплексната заштита на децата сторители на казнени дела. Без учество на Центарот за социјална работа знаеме дека нема правилна и законска постапка кога станува збор за деца сторители на кривични дела.

## ЦСР како субјект во кривичната постапка спрема деца

Новите приоди во постапувањето подразбираат приспособување на реакцијата кон причините што довеле до стореното.

Се поттикнува и идејата за збогатување на можностите за неформален пристап во разрешувањето на состојбите во кои се инволвирани децата, што подразбира интеракција и активно вклучување на поширок круг субјекти: училиштето, семејството, социјалните органи, полицијата, јавниот обвинител, а поведувањето официјална казнена постапка спрема деца да биде случај за потешки облици на кривични дела, за повторено сторување полесни кривични дела и кога ќе се оцени дека личноста на детето, начинот на сторување на делото и мотивите од кои се раководел го оправдуваат класичниот формален приод и изрекување соодветна кривична санкција. Основните постулати на правдата за децата се

состојат во акцентирање на обврската на заедицата да обезбеди услови за нормален развој и просперитет кои ќе овозможат секое дете да се развива и да се формира како творечка личност, да се озбезбеди неговата благосостојба, правилен раст и развој.

[1]ЗПД им посветува големо внимание и им доверува важни задачи на ЦСР. Предвидено е постапувањето на ЦСР во постапка за определување мерки на помош и заштита, посредување заради обештетување меѓу детето и оштетениот, давање мислење и извештај за правецот во кој треба да постапи јавниот обвинител при постапката за посредување и порамнување, и тоа во фазата пред започнувањето на официјалната постапка, како и односот на ЦСР со јавниот обвинител и судијата за деца по започнувањето на постапувањето.

ЦСР има соодветна улога и во останатиот дел од постапката спрема деца како и во однос на извршувањето на воспитните и алтернативните мерки.

Во случај да се определени посебни обврски кај надзорот на детето, ЦСР може да му предложи на судот, да ги измени или укине посебните обврски што ги определил. ЦСР врши постојан надзор и му помага на детето во иполнувањето на определените обврски, соработува со родителите, односно старателите и го известува судот најмалку еднаш на шест месеци за постигнатиот успех во спроведувањето на посебните обврски согласно член 44 од ЗПД.

ЦСР е надлежен да им укаже помош и грижа, надзор и заштита во исполнувањето на обврските од страна на детето, со практични совети треба да го поттикнува и да му помага на детето во нивното повремено, а најмалку еднаш на три месеци, да го известува судот за состојбите со исполнувањето на определените обврски.

Важноста на ЦСР се гледа и во значењето на неговите извештаи. Овие извештаи се особено битни затоа што со нив се укажува на семејни, образовни, здравствени, социјални, економски, социопатолошки и слични состојби во кои детето се наоѓа, односно живее, како и околностите под кои е сторено кривичното дело. Сите овие информации содржани во извештаите го олеснуваат судското одлучување, односно му помагаат на јавниот обвинител да одлучи дали ќе предлага подготвителна постапка или ќе одбере некој од неформалните (диверзиони) облици на постапување кој ќе го оцени како најсоодветен за конкретното дете во ризик.

ЦСР е орган без којшто постпаувањето спрема децата не би можело да се одвива и да ги даде посакуваните резултати. Ниту јавниот обвиител ниту судот не може да се впуштат во одлучување без претходно да се консултираат со ЦСР. Ова е од причини што и на јавниот обвинител и на судот му се потребни наодот и мислењето од стручниот тим составен од педагог, психолог, социјален работник во однос на постоењето на определени ризик фактори, нивно препознавање осмислување соодветна реакција со цел за нивно неутрализирање, отстранување, оневозможување тие во иднина да предизвикаат проблеми во поведението на детето.

---

[1] Radojevic, M. (1979), Centri za socijalni rad I vaspite ustanove u izvrsavanju vaspitnih mera, Beograd: Institut za socijalnu politiku, str. 13.

ЦСР, во однос на делокругот на работа влегуваат во рамките на секторот за социјална заштита при Министеството за труд и социјална работа[2]. Согласно законската регулатива, ЦСР функционира како стручна установа со јавни овластувања заради вршење работи од социјална заштита. Како јавни овластувања ЦСР ги врши следните работи:

1. решава за правата од социјална заштита,
2. решава за работите утврдени со семејно-правните прописи,
3. постапува по работите утврдени во кривично правните прописи,
4. врши други работи утврдени со закон.

При спроведување социјална заштита и стручна работа ЦСР:

1. открива, следи и проучува социјални појави и проблеми,
2. применува и спроведува соодветни облици на социјална заштита и непосредно помага на граѓани, семејство или група на население,
3. ја развива превентивната работа,
4. развива и спроведува вонинституционални облици на социјална заштита,
5. поттикнува, организира и координира волонтерски на граѓани, нивни здруженија, хуманитарни оргаизации, организации во спроведување на програми за социјална заштита,
6. врши други работи утврдени со закон.

Меѓународните документи кои се занимаваат со дефинирање препораки во однос на заштитата на детето укажуваат на тоа дека за младите лица е ообено важно постапувањето да се одвива во природната средина на детето, онаму каде што тоа се чувствува сигурно и заштитено. Оттука е настојувањето за вонинституционален третман со методите на партиципативност и интерактивност. Ова е нужно бидејќи реакцијата мора да ја следи зрелоста на детето, која не секогаш коинцидира со неговата возраст, и способноста да го сфати стореното и она што мора да се преземе како ракција со или без дејствување, од една страна, се поврзува со фактот што младите лица се во процес на психофизичко развивање и проблемите со социјализацијата може да придонесат за скршнување кон криминално однесување, а од друга страна, со сознанието дека оној што дошол во судир со законот на рана возраст и не бил соодветно третиран е во опасност да се впушти во сериозни облици на казнени дела уште додека е дете.[3]

Конечно сите мерки за обезбедување на присуство може да му се изречат на детето само по претходно прибавено мислење од ЦСР,[4] што се однесува и натамошните одлуки за продолжување на траењето на овие мерки.

[2] http://www.mtsp.gov.mk/institucii-ns_article-centar-za-socijalna-rabota.nspx

[3] Бужаровска, Г(2011): Овластувањата на центрите за социјална работа и на јавниот обвинител во малолетничката правда, Зборник ПФЗ, 61, (2), стр. 444.

[4] Член 117 од Законот за правда на децата ( Службен весник на Р. Македонија, бр. 148 од 29.10.2013 година).

Улогата на ЦСР во извршувањето на воспитните мерки

Во казнено-правна смисла, во постапката со децата, центарот за социјална работа, има помала надлежност во однос на судот, но од аспект на неговата улога како орган на старателство и стручна служба за социјална заштита, тој е рамноправен субјект со судот. Заради тоа, во подготвителната постапка покрај јавното обвинителство и судот учествува и центарот, па според тоа, изборот на мерката зависи од сите чинители заедно. Со оглед на фактот што при изборот на мерката императивно треба да се имаат во вид севкупните услови на развојот на детето, неговата личност - достигнатото ниво на социјална, емоционална, интелектуална и физичка зрелост, во тој контекст се содржани и релевантните критериуми за избор на мерки, кои најрелевантно може да ги респектира стручен тим во состав од социјален работник, педагог и психолог. Проучувањето на напред наведените услови на развој и особини на личноста, има големо значење за прогнозата на натамошното поведение и позитивно насочување на процесот на социјализацијата на секое дете и се разбира на одлуката на судот за избор на воспитна мерка. Освен во дијагнозата на случајот и изборот на воспитните мерки, центарот има редица задачи во нивното извршување и следење на ефектите од нивната примена. Извршувањето на вонинституционалните и следењето на заводските воспитни мерки, не е факултативна, туку е со закон определена задача на центарот. Во извршувањето на вонинституционалните мерки на ресоцијализација на децата, центарот изготвува план и програма за третман, спроведува советодавна и советувалишна работа со детето, родителите и други учесници во реализацијата на воспитните мерки; врши надзор на извршувањето на задачите на другите учесници во реализацијата на мерките; ги упатува децата во воспитни установи; го известува судијата за деца за резултатите и ефектите од спроведувањето на воспитните мерки или дава предлози за запирање или промена на воспитната мерка, и на крајот го организира прифатот на децата по напуштањето на воспитната установа и работи на создавање на услови за нивна социјална интеграција.

Мерките кои го придружуваат процесот на ресоцијализација, а кои произлегуваат од задачите на центарот и се разбира реалните потреби, индивидуално различни меѓу одделните деца, можат да бидат разновидни. Меѓутоа, тие во основа се протегаат во обезбедувањето на материјална помош, помош во оспособување за работа, помош во школување и вработување, помош во подобрување на семејните односи во семејството на детето и во подобрување на односите во неговите други референтни групи. Покрај непосредното учество во спроведувањето на широкиот спектар од напред наведените и други мерки од доменот на социјалната терапија, центарот покренува низа иницијативи и учествува во координативните активности со други релевантни дејности и субјекти во комплементарно содејство. Мошне значајна задача на центарот, како за ресоцијализација на индивидуалните носители на поведението на воспитна запуштеност и детското

престапништво, така и на превентивен план за сузбивање на овие социјално патолошки појави, е координацијата на субјектите во локалната заедница.[5]

Како посебна мерка во која ЦСР има поголема улога е всушност во мерките на засилен, односно во мерката Засилен надзор од страна на ЦСР. Ако родителите, односно старателите не се во можност да вршат засилен надзор над детето, а не постојат услови за предавање на детето на згрижувачко семејство заради вршење ваков надзор, детето ќе се стави под надзор на ЦСР.

Судот дополнително ќе одлучи мерката да престане, со тоа што нејзиното траење не може да биде покусо од една ни подолго од три години. За време траењето на мерката детето и натаму останува да живее кај своите родители или кај други лица кои го издржуваат, а засилениот надзор врз него го врши ЦСР. Ако детето не може да остане во семејството во кое живеело, ЦСР ќе го смести во воспитна установа и ќе се грижи за неговото школување или вработување, за издвојување од средината што штетно влијае врз него, за потребното лекување и за подобрување на приликите во кои живее.[6]

Алтернативните мерки и ЦСР

Алтернативните мерки што се определуваат кон децата се извршуваат во општеството, со негов непосреден ангажман и активен придонес, како и со директна инволвираност на семејството како примарен социјален нуклеус за развој и воспитување на детето. Концептот за извршување на алтернативните мерки почива врз активно учество на социјалните органи кои применуваат нерепресивни постапки и методи. Советот на Европа ги дефинира алтернативните мерки како мерки и санкции кои не значат лишување од слобода на детето, туку го оставаат на слобода, но му наметнуваат ограничувања преку посебни услови/обврски чиешто извршување е во надлежност на тела основани со закон со цел за извршување на овие санкции и мерки.

Согласно со одредбите од Законот за правда за деца, на детето може да му се изречат: условна осуда со заштитен надзор, условно прекинување на водењето на кривичната постапка и општокорисната работа. ЦСР има ингеренции кај две од наведените, кај условната осуда со заштитен надзор и кај општокорисната работа.

Условна осуда со заштитен надзор судот може да ја изрече кога на детето му е утврдена казна затвор во траење до три години или парична казна. Ако на детето му е утврдена и казна затвор за деца и парична казна, судот може да изрече условна осуда за двете казни или само за казната затвор за деца. Времето за проверување судот го определува во траење кое не може да биде пократко од една, ниту подолго од три години.

Заштитниот надзор се состои во една или повеќе обврски кои се идентични со обврските што може да се изречат кај воспитните мерки на засилен надзор (поднаслов 3.1.2.

---

[5] Лидија Штерјов -Влијанието на воспитната мерка - Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа, врз положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда, Штип , 2013.

[6] Член 43 од ЗПД.

од оваа Глава), за кои детето е должно да се придржува во времето за проверување. Помош и грижа, надзор и заштита во исполнувањето на обврските од страна на детето врши ЦСР кој е должен со практични совети да го поттикнува и да му помага во нивното исполнување, да соработува со родителите, односно старателите и овремено, а најмалку еднаш на три месеци, да го известува судот за состојбите со исполнувањето на определените обврски.[7]

Улогата на ЦСР во спроведување на постапка за посредување заради обештетување

Тоа е постапување кое има за цел да го нагласи ресторативниот концпет на Законот за правда за децата и во случај кога не се поведува судска постапка спрема детето. Целта на посредувањето заради обештетување не е помирување на засегнатите страни со инкриминираното дејствие, туку пронаоѓање заедничко прифатливо решение за обештетување кое може да се состои во: паричен надомест на име причинета штета со преземеното дејствие, враќање на одземени предмети, преземање определени активности во полза на оштетениот и сл. Во оваа смисла, следствено на примената на постапката за примена на мерките за помош и заштита, ЦСР може да спроведе и постапка за посредување заради обештетување. Во оваа постапка ЦСР нуди можност за постигнување заедничко прифатливо решение за обештетување за родителите на детето, како сторител и оштетениот. Во случај кога и оштетениот е дете, се подразбира дека посредувањето заради обештетување ќе се одвива помеѓу родителите на детето/сторител и родителите на детето/оштетен со дејствието. За започнување на оваа постапка кумулативно мора да се исполнети следниве предуслови:

1. Да постои иницијатива од оштетениот за обештетување;
2. Да се работи за случај кога е сторено дејствие што со закон е определено како кривично дело и прекршок;
3. Инкриминираното дејствие да го презело дете, или дете во ризик;
4. Со преземеното дејствие да е прибавена имотна корист или да е предизвикана штета.

Целта на посредувањето е да се постигне заедничко прифатливо решение кое ќе подразбере враќање на имотната корист, односно надоместување на штетата. Првото дејствие што го презема ЦСР е донесување одлука за поведување постапка, по приемот на писмен предлог од оштетениот. По донесената одлука, ЦСР го повикува детето со семејството на средба со оштетениот. Имајќи ја предвид спецификата на ваквата постапка, Законот не предвидува колку средби треба да се одржат туку само определува дека постапката за посредување може да трае најдолго 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за нејзино поведување. Ако во рок од еден месец се постигне спогодба, таа се составува во писмена форма и има значење на вонсудско порамнување. Со оглед на

[7] проф. д-р Олга Кошевалиска, проф. д-р Лазар Нанев ,,Малолетничко казнено право Штип 2018".

отсуството на соодветни јавни овластувања на вработените во ЦСР, веројатно е дека спогодбата ќе мора нотарски да се завери. Во случај на постигната и заверена спогодба, оштетениот ја губи можноста за натамошна судска заштита.

## ЗАКЛУЧОК

Успехот во борбата против детското престапништво во голема мера зависи од адекватниот пристап на надлежните институции во постапката против деца. Правилниот модел на борба против овој глобален проблем овозможува не само соодветна реакција на надлежните органи туку и превенирање на кривични дела каде како сторители се јавуваат децата. Новите приоди во постапувањето подразбираат канализирање на реакцијата на надлежните органи кон причините што довеле до стореното. Оттука, самата цел на кривичната постапка против децата е нивно превоспитување и елиминирање на причините кои го навеле детето во престапништво, а не само едноставно казнување за стореното зло. Ваквиот современ приод е врамен во одредбите на Законот за правда за децата кои ја содржат општествената реакција во случаите кога дете ќе стори дејствие кое што со закон е предвидено како кривично дело. Евидентно е дека Законот за правда за децата внесува многу новини во постапувањето со децата. Мора да се забележат пионерските чекори за регулирање на медијацијата во казнената област, која сѐ уште е непозната како начин за разрешување на случаите кај полнолетните сторители, како и во однос на спогодувањето за вината и кривичната санкција, и за која сѐ уште не постои консензус за прифаќање како практика во однос на полнолетниците. Во Законот многу нови и сериозни обврски и овластувања се предвидени во однос на центрите за социјална работа во смисла на неформалниот пристап. Центарот е еден од специјализираните органи и претставува неодминлив орган на кој се упатени и јавниот обвинител и судот пред да донесат каква било одлука за започнување и за натамошниот тек на постапувањето. Оттука, нивната улога е значајна и пред официјалното започнување на постапката против децата, а и во текот на судската постапка, па зајакнувањето на капацитетите на ЦСР е од клучна важност за соодветно спроведување на Законот за малолетничка правда.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Закон за правда на децата („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 148 од 29.10.2013 година).

Radojevic, M. (1979), Centri za socijalni rad I vaspite ustanove u izvrsavanju vaspitnih mera, Beograd: Institut za socijalnu politiku.

Бужаровска, Г(2011): Овластувањата на центрите за социјална работа и на јавниот обвинител во малолетничката правда.

проф. д-р Гордана Лажетиќ-Бужаровска ( 2010 ) „Овластувањата на Центрите за социјална работа и на јавниот обвинител во малолетничка правда”.

проф. д-р Лажетиќ- Бужаровска, проф. д-р Лазар Нанев, доц. д-р Олга Кошевалиска, Скопје, 2015 ,,Кривично постапување спрема деца во ризик”.

http://www.mtsp.gov.mk/institucii-ns_article-centar-za-socijalna-rabota.nspx

проф. д-р Олга Кошевалиска, проф. д-р Лазар Нанев „Малолетничко казнено право“ Штип, 2018.